# МЕДИУМ СОВЕТИ

## ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИ

МАЈ 2015 | ВЕСНИК ЗА СИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ | www.medium.edu.mk


## Десет предности на медиумската писменост во образованието

1. Ги оспособува учениците да бидат мудри потрошувачи на медиумите, да управуваат со информациите и да ги продуцираат своите идеи, користејќи моќни мултимедијални алатки.
2. Ги ангажира средношколците, доведувајќи го светот на медиумите во училница и поврзувајќи го учењето со „реалниот живот“.
3. Овозможува средношколците и професорите да имаат заеднички пристап кон критичкото размислување.
4. Се применува во сите предметни области.
5. Помага да се задржат образовните стандарди, истовремено користејќи медиумски содржини кои се блиски до средношколците.
6. Ги оспособува средношколците да ги изразуваат и споделуваат своите мисли и идеи во електронски и во печатени медиумски форми.
7. Медиумската писменост му овозможува на наставникот да учи заедно со средношколците.
8. Со фокусирање повеќе на вештините отколку на знаењето, средношколците се оспособуваат да ја анализираат која било порака во кој било медиум.
9. Медиумската писменост не е привремена, туку има тенденција да биде одржлива.
10. Обезбедува придобивки за средношколците како индивидуи, но и за општеството преку поттикнување на меѓусебното разбирање и учеството во јавната дебата.







Автор: Ѓорѓи Десподов, средношколец од ОСУ „Мирче Ацев“ - Прилеп

Постерот на тема „(Де)конструирај ги медиумите: Пораката зад пораката“ е награден на конкурсот за најдобар средношколски медиумски производ „Изрази се преку медиумите“. Преку постерот, средношколецот го разоткрива значењето на медиумската порака која има за цел да влијае врз изборот на младите да купат или да донесат одлука за нешто.


EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“, ПОДДРЖАН ОД АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# И ЈАС СУМ МЕДИУМ

Социјалните медиуми ја проширија слободата на изразување на мнозинството луѓе. Секој може да зееде фотоапарат или камера, да каже и да покаже што се случува и така да произведе информација, што лесно ќе ја испрати преку социјалните мрежи.

Тоа што некогаш се појавуваше на насловните страници беше избор исклучиво на новинарите уредници. Денес можеш сам да уредуваш твој профил, блог или страница, ти да го направиш изборот и редоследот на информациите и да ги испратиш до стотици или илјадници посетители на профилот, блогот, односно на страницата.

Снимањето, монтажата и дистрибуцијата на видеото некогаш им припаѓале единствено на големите медиуми. Единствено тие, преку нивните снимки, го креираа мислењето кај публиката. Денес видеото е во рацете на публиката и таа може да го креира мислењето на другите преку сопствените веб-страници или блогови.

Некогаш информациите се пренесуваа по вертикален пат, од централизираните медиумски системи до граѓаните. Сега има хоризонтален проток на информации, од граѓанин до граѓанин.

Некогаш немаше можност за интеракција со публиката. Денес има активна публика, која не сака само да седи и да прима информации, туку да учествува, дебатира, креира, комуницира, разменува.



# ШТО Е ВРЕДНО ЗА МЕДИУМСКО ОБЈАВУВАЊЕ

ВЕСТА Е СЕКОГАШ НАСЕКАДЕ ОКОЛУ НАС. ЗАТОА РАЗГОВАРАЈ, ПРАШУВАЈ, СЛУШАЈ.

● **Внимателно набљудувај околу себе.** Секогаш имај широко отворени очи, прашувај се себеси што се случува, кого го засега тоа и зошто. Откривај го важното, интересното, необичното.

● **Разговарај со луѓето.** Комуницирај со многу и со различни луѓе. Прашувај ги за нивното искуство, животни приказни, мислења, интереси...

● Ако некој каже нешто, **прашај ги и другите** засегнати со настанот/појавата што мислат од нивен аспект.

● **Излези надвор.** Оди на местото на случувањето.

● **Читај внимателно.** Следи ги весниците. Објавените приказни „кријат" нови приказни. Прашај се: „А што ако било поинаку?"

● **Проверувај во списанијата, каталозите и огласите.** Во нив ќе најдеш луѓе, места, услуги што заслужуваат приказна.

● **Пребарувај на Интернет.** Ќе најдеш многу информации и прашај се како е кај нас. Провери го истото на терен.

● **Отфрли ги блокадите и фиксациите во мислењето.** Избегнувај ги стереотипите и предрасудите.

● **Биди упорен, љубопитен и храбар.**



ШЕСТ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВЕСТА

● **Новост.** Секогаш сакаме да дознаеме што е најново. Она што се случува денеска е поважно од тоа што се случило вчера.

● **Влијание.** Колку повеќе луѓе се засегнати од една информација, толку повеќе таа заслужува да се објави (природни катастрофи, несреќи, смрт, болести и слично).

● **Блискост.** Колку информацијата се однесува на настан или појава поблиску до нас, толку повеќе таа вреди да се објави. Близината не се однесува само на нешто што е физички или географски блиску. Луѓето се чувствуваат поврзани со оние кои се слични на нив и со кои имаат заеднички интереси.



● **Истакнување.** Имињата прават вести. Информациите што се однесуваат на познати јавни личности привлекуваат повеќе внимание отколку вестите за непознати личности.

● **Необичност.** Ако нешто те натера да застанеш и да се загледаш, да се чудиш и извикуваш, тогаш знај дека она што го гледаш е вредно да стане вест.

● **Конфликт.** Конфликтните настани и состојби секогаш привлекуваат големо внимание (војни, протести, штрајкови, тепачки и слично). Овде спаѓаат и внатрешните конфликти на човекот (на пример, жена што се обидува да го издржува семејството со 3.000 денари месечно).

# КАКО ДА ГО ОБЕСХРАБРИМЕ ПЛАГИЈАТОТ

Информатичко-комуникациската технологија овозможува брз и лесен пристап до информациите кои учениците може без многу размислување да ги прикажат како свои нови или оригинални идеи или производи, без да го наведат изворот на користените материјали. Тоа е плагијат, што претставува чин на измама и подразбира крадење на туѓа работа и лажење дека е тоа твој труд. Постојат повеќе начини како наставниците да ги обесхрабрат средношколците да прават плагијати, а истовремено да ги направат часовите поинвентивни и поинтересни за учениците.

● Ограничете ги задачите на неколку конкретни теми и барајте споредби и лични ставови од учениците;

● Инсистирајте учениците да користат и онлајн и офлајн-ресурси;

● Комбинирајте ги задачите со други слични задачи;



# КАКО ДА НАПИШЕТЕ ДОБАР МЕДИУМСКИ ТЕКСТ?

ПРАВИЛО: НАЈВАЖНОТО НАПРЕД!

(најважното е новото, она што засега најмногу луѓе, што е најблиску со публиката, што е поврзано со истакнати личности, што е конфликтно или необично)

## СТРУКТУРА НА ТЕКСТОТ



1 Лид - глава на веста. Тоа е првата реченица во приказната. Кога се пишува лидот, треба да се внимава на основното правило – најважното напред! Прашајте се што е најважното, најуникатното (единствено) или најинтересно во настанот. Лидот треба да ја даде суштината на приказната и да го задржи вниманието на публиката.

2 Поддржувачки факти. Ако во лидот со една реченица се објаснува најважното, со поддржувачките факти се дообјаснуваат и опишуваат најважните работи. Со нив се разгранува структурата на приказната.

3 Парафраза/атрибуција. Сè што е неоспорен и очигледен факт мора да се атрибуира. Фактите се пренесуваат во парафрази.

4 Цитат. Во цитатот се пренесуваат исказите на луѓето. Тие даваат живост и автентичност, тие се драматуршки елемент што секогаш го привлекуваат вниманието на публиката. Затоа во цитатите пренесуваме мислења, емоции, ставови, а не факти и информации. Фактите напишете ги во текстот, а во цитатите пренесете ги емотивните искази. Исказите треба да се кратки.

5 Заднина (бекграунд). Овде се опишуваат настаните и појавите што ѝ претходеле на актуелната вест. Луѓето не ги следат и не се запознаени со сите настани. Заднината ќе им овозможи брзо и лесно да се запознаат и вклучат во настанот и така едноставно и лесно да ја разберат приказната и што е новото во неа.

6 Секундарна тема. Тоа не е неопходен, но може да биде важен елемент на приказната. Една приказна отвора многу други, па со секундарната тема навестуваме што би можело да се разработува во некоја следна приказна, можеби уште утре. Така се предизвикува љубопитство и очекување кај публиката.

## ПРИНЦИП НА ШЕСТ ПРАШАЊА

**ЗАПОМНИ: Нема новинарски труд без одговарање на шесте прашања!**

Текстот не треба да е напишан со таксативно одговарање на прашањата, ниту треба да се запазува наведениот редослед, но шесте прашања мора да се одговорат.

- **ШТО** им се случило на луѓето или што воопшто се случило?

- **КОЈ** е учесник или вршител на дејството? На пример: убиец, предизвикувач на сообраќајка, жртва, сведоци на настан

- **КОГА** се случило? Време на случување и време колку трае(л) настанот. На пример: денес, вчера, попладне, синоќа, на полноќ, еден час, пет дена...

- **КАДЕ** се случил настанот? Лоцирај го што попрецизно местото на настанот.

- **КАКО** се случил и како се одвивал настанот? Опис на дејството.

- **ЗОШТО?** Барај ги причините за настанот! Зад одреден развој на некоја последица, треба да постои некоја причина.

## КОРИСНИ СОВЕТИ

● Твојата приказна може да допре до илјадници луѓе со различен социјален статус, ниво на образование и јазична култура. Но секој од нив треба лесно и брзо да те разбере. Затоа текстовите за медиумите се пишуваат **јасно и кратко**.

● **Не употребувај странски зборови.** Зборовите „дил“, „константен“, „елаборира“, „интеретнички“, „релации“ и „релевантно“ можат да се преведат како договор, постојан, објаснува, меѓуетнички, односи и битно.

● **Не употребувај фигуративни и жаргонски изрази.** Наместо финансиски средства кажи пари, наместо таткото на градот напиши градоначалникот итн.

● **Употребувај кратки фрази и реченици.** Сложените реченици се тешки за следење и разбирање. Секогаш кога може една сложена реченица подели ја на две или повеќе едноставни реченици.

● **Употребувај зборови со неутрално значење, пред сè од етички причини.** Велиме зависник од дрога, а не наркоман, хендикепиран, а не инвалид, хомосексуалец, а не педер, Албанец, а не Шиптар, Македонец, а не Славомакедонец и друго.

на пример, учениците да водат дневник за процесот на пишување на задачата, во кој ќе наведат како ја истражувале темата и со кои предизвици се соочувале додека ја изработувале задачата;

● Поставете крајни рокови, во кои учениците треба да доставаат делови од задачата - краток преглед, вовед, делови од текстот, резиме од истражувањето, заклучоци итн.;

● Учениците да подготват листа на референции за материјалите кои ги користеле при изработката на задачата;

● Учениците да ги споделуваат своите задачи во група, да ги прегледуваат меѓу себе, да ги објават на онлајн-форуми за дискусија и сл. Ова го зголемува ризикот плагијатот да биде откриен;

● Организирајте дискусии на часовите за учениците да споделат што научиле, како истражувале и како ги пишувале нивните задачи;

● Оценката на задачата да го одразува процесот на пишување и истражување, а не само на конечниот производ;

● Во почетокот на учебната година, поделете морална потврда меѓу учениците во којашто ќе биде дефинирано што е плагијат, ќе биде нагласена сериозноста на делото и ќе бидат наведени предвидените казни. Секој ученик ќе треба да го потпише и врати овој документ.



Фотоесеј за загадувањето во Косово

# КАКО ДА ИЗРАБОТИШ ФОТОЕСЕЈ

Автор: Томислав Георгиев, фотограф



**ВОВЕДНА СЛИКА:** Слично на првите две реченици од напис во весниците, твојот вовед во фотоесејот треба ефикасно (понекогаш и шокантно, во зависност од пристапот) да ја подготви твојата публика. Ова е, обично, најтешката фотографија за избирање и треба да ја следи темата на твојот есеј. Тоа може да биде емотивен портрет или момент на акција, но, во крајна линија, би требало да ја предизвика љубопитноста на гледачот.

**СЦЕНАТА:** Втората фотографија е таа во која треба да се постави сцената на твојата приказна. Сеопфатна фотографија со широк агол на објективот е често ефикасна за оваа цел.





**ПОРТРЕТ:** Фотоесејот треба да содржи барем еден портрет. Фаќањето емотивен израз или портрет на човек во акција може да се прикаже ефикасно во приказната. Овие слики често евоцираат силни емоции и емпатија кај гледачот (без разлика дали е позитивна или негативна или симпатични и загрижени емоции).

**ДЕТАЉ:** Сликите се фокусираат на еден елемент, а тоа може да биде зграда, лице или релевантен објект. Овие слики треба да бидат информативни и едукативни.



**КЛИНЧЕР:** Конечната слика, за завршување на есејот, треба да поттикнува емоции кај гледачот, било да е тоа чувство на надеж, инспирација или тага.



**ИНТЕРАКЦИЈА:** Фотографијата е динамичка и во неа е потребна интеракција меѓу субјектите од приказната.









**РЕШИТЕЛЕН МОМЕНТ:** Фотографија која ги сублимира ситуацијата и сите клучни елементи од приказната и ги става во одреден контекст во правилниот момент.

8 **ЛЕГЕНДА:** Опишете ја фотографираната ситуација или состојба со краток текст кој ќе содржи поддржувачки факти.

Овие предлози се само насоки. Фотоесеите се еден вид уметност, и како и секоја уметничка креација, со кршењето на правилата понекогаш може да се создаде најмоќен резултат. Не плашете се да пробате нешто различно.

## Монтирање видео





1. Во менито „старт“, во „програмс“ најди го „виндоус муви макер“.

2. Откако ќе го префрлиш видеото во твојот компјутер, во делот „каптуре видео“ ќе го отвориш со кликнување на „импорт видео“.





3. Пронајди го видеото во компјутерот каде што си го снимил и кликни „инсерт“.



4. Видеото ќе се покаже во мало прозорче. На долното мени на програмата кликни на „шоу тајмлајн“.



# Етичко фотографирање

### ШТО ДА ФОТОГРАФИРАШ

Што да фотографираш и како да фотографираш се определува од зошто фотографираш и за кого фотографираш.

Кога фотографираш луѓе, не ги третирај како да се предмети.

Никогаш не ги прикажувај луѓето како бескорисни или несоодветни. Тоа е нивната беспомошност, која треба да биде прикажана.

Не нарушувај ничија приватност, освен кога тоа е неопходно во одредени ситуации.

Сепак, смело навлези во личниот живот на луѓето, за да ги прикажеш најсоодветно.



### КАКО ДА ФОТОГРАФИРАШ

Едноставно обиди се да направиш колку што е можно најдобра фотографија.

Не треба да ги разубавуваш луѓето и објектите - тие имаат сопствена убавина.

Сензационализмот го пренасочува вниманието од суштинското значење.

Обиди се да се воспоставиш блиски односи со луѓето што ги фотографираш.

### ОПШТЕСТВЕНА ГРИЖА

Фотографите не треба да го изветоперуваат контекстот - задржи го правото да го видиш лично тоа што сакаш да го покажеш.

Твоја општествена грижа е да го документираш животот.

Покажи го тоа што мислиш дека е вистинска слика за луѓето - сепак почитувај го нивното достоинство.

Документарниот пристап никогаш не може да биде целосен. Комплетирај ја твојата пристрасна слика со нечија друга пристрасна слика.

### ТВОЈАТА ПУБЛИКА

Фотографиите не треба да ги користиш така што ќе ги злоупотребиш прикажаните луѓе.

Воздржи се од прикажување на фотографиите ако не може да спречиш непожелна манипулација.

Твоите фотографии не може да бидат користени за илустрирање текстови што не се поврзани со фотографираните луѓе.

Твоите фотографии треба да поттикнат одредени реакции кај гледачите.



**5. Со влечење постави го видеото во лентата „видео“.**





**6. Постави го курсерот помеѓу клиповите и со влечење исечи го потребниот дел.**

**7. За да отвориш аудиофајл, во делот „каптуре видео“ кликни на „импорт аудио ор мјузик“.**

**8. Пронајди го аудиофајлот во компјутерот каде што си го снимил и кликни „инсерт“.**

**9. Со влечење постави го во лентата за аудио, „аудио/мјузик“.**

**10. Постави го курсерот во почетокот (крајот) на лентата од аудиофајлот и со влечење исечи го потребниот дел.**

**11. За да го снимиш готовиот производ кликни на „фајл“, и потоа „сејв муви фајл“.**



**Извор: www.medium.edu.mk**

# СОВЕТИ КАКО ДА СНИМИШ И ИЗМОНТИРАШ ВИДЕО

### СНИМАЊЕ ВИДЕО

1. Кадар (слика) е основната единица за изразување со видео. Кога се снима едно видео, важно е да се снимаат многу кадри (слики). Секој кадар треба да се снима со различни планови: широки, средни и крупни. Еден кадар треба да трае до 15 секунди.



Широк кадар



Среден кадар



Крупен кадар

2. Неколку кадри заедно сочинуваат секвенца. Секвенца е група од снимки што подетално прикажува еден објект, личност или појава.

3. За да се претстави една акција или целина, требаат најмалку две секвенци. Гради ја приказната преку збир од секвенци.

4. Снимај движења, во тоа е предноста на видеото. Снимај додека не заврши движењето. Акцијата не треба да се прекинува. Снимај ја така како што навистина се одвива, не скокај делови од неа. Тоа не е природно и ќе биде чудно за гледачите. Снимката треба да трае доволно долго за гледачот да сфати што се случува.

5. Снимај статични кадри. Избегнувај неприродни движења, како што се зумовите (од поширок кон покрупен план; од покрупен кон поширок план) и швенковите (шетање на камерата лево-десно).

6. Деталите се многу важни. Го оплеменуваат видеото и детално го доловуваат случувањето или однесувањето на луѓето. На пример, за загаденост на воздухот снимате ауспух од возило или кај растревожен човек снимате како му треперат рацете и усните или насолзените очи.

7. Размислувај за контрапланови. Покажи што се случува од другата страна. Внимавај двата соседни кадри да се снимени од различни агли. На пример, ако на првиот кадар еден човек зборува, на вториот кадар се покажува како луѓето слушаат. Но публиката не треба да е свртена од истата страна како говорникот, па да изгледа како да слушаат некој друг, а не човекот што зборува.



Детаљ



Контраплан

8. Снимај ги природните (атмосферските) звуци. Атмосферскиот тон ги нагласува реалноста и автентичноста и кај гледачот го зголемува чувството дека учествува во настанот. Природниот звук ја доловува вистинската атмосфера и им овозможува на гледачите самите да ги искусат настанот и местото. На пример, свирење на ветер, полициска сирена, викотници на деца и друго.

# ОНЛАЈН-ДРУЖЕЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА

За повеќето од нас Интернетот стана неопходен дел од нашите социјални животи: го користиме за да останеме во контакт со пријателите, да одржуваме врски со семејството и да запознаваме нови луѓе. За жал, сите онлајн-интеракции не се позитивни. Следните совети ќе објаснат некои проблеми со кои се соочуваме кога се социјализираме на Интернет и како да се справиме со нив.

**РИЗИЦИ ЗА ТВОЈАТА ПРИВАТНОСТ И ИДЕНТИТЕТ**

**Кражба на идентитет**

Секој пат кога ќе додадеш лични детали на твојот онлајн-профил, постои ризик дека некој може да ги украде. Иако за многумина може да изгледа безопасно, доволно е да се преземат само неколку детали - име и презиме и датумот на раѓање, за да може да се пристапи до твојот онлајн-профил. Исто така, ако не е ажурирана приватноста на твојот онлајн-статус, крадците може да соберат детали кои ќе им помогнат да ја откријат твојата лозинка или сигурносното прашање. На социјалните мрежи, како што е Фејсбук, може да му дадеш пристап на крадецот до твојата онлајн-адреса дури и со „споделување“ лажна/измамничка страница или со давање пристап на некоја апликација до твојот профил.

**Фишинг**

Терминот „фишинг“ подразбира кога преку електронска порака од тебе ќе биде побарано да ја испратиш твојата лозинка и да се најавиш на некоја од твоите онлајн-адреси. Тоа е мошне очигледна измама. Споделувањето лични податоци на Интернет, дури и кога станува збор за работа или за хоби, може да поттикне да добиваш вакви социјално-конструирани пораки. Тие можат да бидат многу убедливи, бидејќи ќе бидат приспособени на твоите интереси. На пример, пораките можат да се однесуваат на онлајн-услуга што ја користиш, игра што ја играш онлајн или веб-страница што редовно ја посетуваш.

**Идентитетска измама**

Идентитетската измама вклучува претендирање да се биде некој друг во онлајн-сферата. Ова значи некој да ја преземе контролата на постојниот онлајн-профил или создавање нов во твое име. Идентитетската измама е често само првиот чекор во поголема измама: на пример, познати се измами за користење на пробиени фејсбук-профили или електронски адреси и испраќање на лажни пораки на пријателите на тоа лице, во коишто се тврди дека е во некои околности и дека брзо му требаат пари (на пример, заглавен во некоја странска земја).

**НЕГАТИВНИ ИНТЕРАКЦИИ СО ДРУГИ КОРИСНИЦИ**

**Тролинг**

Ова стана општ термин што опфаќа сѐ што е направено на Интернет за да се отежни нечиј живот. Тоа може да варира од иритирачки пораки до кампањи за клевета, малтретирање, па дури и закани за насилство. Некои играчи на онлајн-игри уживаат во тоа да ги направат другите играчи несреќни преку злонамерни верски и родови коментари или убиство на нивните карактери во игра. Тролингот е често проблем и во други интерактивни средини, како што се социјалните мрежи или коментари на форуми на популарни веб-страници.

**Непријателски средини**

Многу онлајн-средини можат да бидат непријателски настроени кон жени, малцински и други групи поради јазикот и ставовите кои вообичаено се користат таму.

**Измами**

Интернетот го олеснува животот на многу луѓе, вклучувајќи ги и измамниците. Иако повеќето онлајн-измами се мошне очигледни, некои од нив може да бидат навистина примамливи или застрашувачки за да се закачите на јадицата: на пример, известување дека си победил на некој конкурс или предупредување дека твојот компјутер е заразен со вирус. Онлајн-измамите може да имаат долг живот на Интернет, бидејќи луѓето често ги шират без да знаат дека се измами. Иако ретко се директно штетни, може да те наведат на лош избор за твоето здравје или твоето мислење за одреден производ, фирма или физичко лице.

**СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНО И СИГУРНО СУРФАЊЕ**

**Одјави се.** Секогаш одјави се од онлајн-профилот по неговото користење. Со тоа ќе го оневозможиш пристапот на други корисници до него (на пример, ако ја затвориш веб-страницата на пребарувачот без да се исклучиш од Фејсбук, некој кој ќе го користи истиот компјутер ќе може да пристапи на твојот профил без да се најави).



**Ограничи ја приватноста.** Сите социјални мрежи имаат алатки кои овозможуваат да ограничиш кој може да ги види информациите на твојот профил и тоа што го имаш објавено. Биди сигурен дека твојот профил не е поставен на опцијата „јавно“.

**Практикувај сложени лозинки.** Користи силна лозинка која е долга најмалку осум карактери, со комбинација на големи и мали букви, броеви или знаци. Приспособи ја твојата лозинка за секоја адреса (може да го направиш тоа со додавање на првиот и последниот карактер кој е уникатен на секоја адреса) и никогаш не ги споделувај лозинките со никого.

**Биди смирен.** Ако мислиш дека си злоупотребен од некој што го познаваш, не одговарај: направи слика од екранот и зборувај со него лице в лице. Ако е тоа некој што не го знаеш или ако продолжи да те злоупотребува, блокирај го и пријави го инцидентот.

**Изјасни се против.** Ако си сведок на вознемирување или ако не ти се допаѓа јазикот или ставовите на некој онлајн-форум, сподели со луѓето за да знаат дека си против. Извести за каков било вид на вознемирување или злоупотреба; речиси сите онлајн-игри имаат модератори кои можеш да ги известиш и повеќето социјални мрежи овозможуваат да пријавиш навредлива објава. Дури и приватна веб-страница мо-

## РАЗМИСЛИ ПРЕД ДА СПОДЕЛИШ



**Секогаш слушаме дека споделувањето е добра работа. Благодарение на технологијата можеме да ги споделиме нашите идеи, мислења, слики и видеа со нашите пријатели и со други луѓе.**

**Во поголемиот број случаи, споделувањето е добро. Но ако не сме претпазливи како споделуваме, ризикуваме да се повредиме себеси или некој друг. Запомни и дека работите коишто ги споделуваш со твоите пријатели може да бидат споделени и од други луѓе. Затоа е важно да размислиш пред да споделиш.**

## ТВОИ ЛИЧНИ РАБОТИ

Секогаш кога споделуваш работи за себе - без разлика дали е тоа слика, видео или лични работи, како твојот телефонски број - имај на ум дека тоа може да се гледа и од луѓе на кои не си сакал да им ги испратиш. Исто така, не споделувај работи кога си лут, тажен или возбуден. Најпрво, смири се и потоа одлучи дали тоа е навистина добра идеја.

**Понатаму, прашај се:**

- Дали сакам луѓето да ме гледаат на овој начин?
- Дали некој може да го искористи ова за да ме повреди? Дали би бил вознемирен/а ако се сподели со други?
- Што е најлошото нешто што може да се случи ако го споделам ова?

Лозинките не се социјални: Има некои работи за коишто треба да бидеш навистина внимателен при споделувањето. Понекогаш пријателите си споделуваат лозинки меѓусебно, но тоа подоцна може да се претвори во кошмар.

Сликата трае вечно: Некои луѓе мислат дека со споделување разголени или секси фотографии со девојка или момче - или со некој за кој се надеваат дека ќе им биде девојка или момче – на тој начин покажуваат дека го/ја сакаат или имаат доверба во него/неа. Биди особено внимателен/а во оваа ситуација и размисли - сликата може да ја надживее врската.

**Запомни дека ако некој ти побара да споделиш нешто што не е прифатливо за тебе, имаш право да кажеш „не“. Никој кој те сака или почитува нема да ти врши притисок или да ти се заканува.**

Поминаа само неколку секунди, но можеби не исчезнаа засекогаш: Некои апликации или сајтови за социјално вмрежување даваат опции за автоматско бришење на слики или видеоинсерти по неколку секунди гледање. Меѓутоа, некој може да направи „скриншот“, па сепак размисли дали ќе ги споделиш сликите или видеата.

## ФЕЈСБУК-СОВЕТИ:

1

Лозинките не се социјални: Не ја споделувај твојата лозинка со никого. За дополнителни безбедносни совети оди на: facebook.com/help/securitytips

2

Провери ги твоите поставки за приватност на facebook.com/privacy за да видиш кој може да ги гледа твоите објави.

3

Провери ја алатката за селектирање на публиката секој пат кога објавуваш на Фејсбук, за да си сигурен дека споделуваш со твојата посакувана публика.

## РАБОТИТЕ НА ДРУГИТЕ ЛУЃЕ

Во поголем дел од случаите кога луѓето ти испраќаат објави, во ред е да ги споделуваш со другите луѓе. Ако не си сигурен/а, размисли два пати пред да го направиш тоа. Уште подобро, прашај го лицето кое ти ја испратило објавата дали ќе му пречи ако ја споделиш.



Истото важи и ако споделуваш фотографии или видеоинсерти кои прикажуваат и други луѓе: прашај ги пред да ги означиш или повторно објавиш.

Ако некој споделува нешто со тебе, а при тоа е вклучен и некој друг, прашај се:

✓ Дали лицето кое ти ја испратило објавата мислело дека тоа треба да се сподели?

✓ Дали има дозвола од другото лице кое е вклучено во објавата?

✓ Како би се чувствувал ти ако некој друг сподели нешто каде што ќе те има и тебе?

**Ако си добил објава на која некое лице изгледа лошо, ќе биде посрамотено или може да биде повредено ако објавата се рашири, не ја споделувај.** Лицето кое ти ја испратило објавата може да мисли дека е тоа шега, но шегата може да не биде смешна кога се гледа од погрешен човек.

Многу луѓе - особено момчињата - се под притисок на своите пријатели да споделуваат разголени фотографии од своите девојки и момчиња. Треба да размислиш колку ова може да те повреди тебе и твојата девојка/момче.



же да се пријави на интернет-провајдерите, кои често одбиваат да бидат „домаќини“ на материјали што содржат омраза.

**Заштити се.** Користи сигурни софтвери и пребарувачи, кои ќе те известуваат кога ќе бидеш означен или следен на Интернет. Некои безбедносни софтвери известуваат и ако веб-страницата содржи евентуални материјали на злоупотреба.

**Чувај во тајност.** Не ги споделувај деталите за лична идентификација што ги користиш онлајн, како што се датум на раѓање, име и презиме, единствен матичен број, број на лична карта, домашен телефонски број и слично. Запомни, измамниците можат да пробијат профил на кој било од твоите пријатели и преку него да те набљудуваат што објавуваш. Биди особено внимателен кои лични податоци ќе ги поставиш на јавните социјални мрежи, како што е Твитер. Не заборавај да бидеш внимателен со твоите податоци при професионално вмрежување или барање работа на сајтови, а не само на социјалните мрежи.

**Биди скржав.** Не давај лични информации кога не мора: дури и кога ги даваш некому кому му веруваш, нема гаранција дека нема да бидат пробиени. Не пополнувај онлајн истражувања за кои не си сигурен или доволно запознаен.

**Не изложувај ги твоите податоци.** Никогаш не испраќај доверливи информации кога купуваш онлајн или при користење на јавни места со достапен интернет. Тие се многу ранливи за хакирање.

**Внимавај.** Проверувај ги твоите банкарски сметки и кредитни картички периодично за да бидеш сигурен дека не се злоупотребени. Пребарај го на Интернет и твоето сопствено име за да бидеш сигурен дека никој не се претставува како тебе.

**Биди претпазлив.** Речиси сите онлајн-измами може да се избегнат ако постојано се потсетуваш дека „нешто изгледа премногу добро за да биде вистина“.

**Размисли два пати.** Пред да поверуваш во нешто или да го препратиш, најпрво провери: може да користиш различни пребарувачи за истражување.

**Провери го изворот.** Пред да одговориш на некоја порака, биди сигурен дека е навистина испратена од наведениот испраќач. Не одговарај и не кликај на кој било линк сè додека не си сигурен за што е. Дури и ако пораката доаѓа од некој што го знаеш, верувај му на инстинктот ако нешто не чини.

**Извор: www.mediasmarts.ca**

## ПОПРАВАЊЕ НА РАБОТИТЕ, АКО ТРГНАТ НАОПАКУ

Секој понекогаш прави лоши избори. Тоа не значи дека не треба да направиш сè што можеш за да ги поправиш работите.



Ако си споделил нешто што не требало, првиот чекор е да ги замолиш луѓето до кои си го испратил да не го споделуваат понатаму.

Ако некој друг поставил нешто што си му/ѝ го испратил, побарај да го тргне. Тоа е мошне ефективно во поголемиот дел од случаите. **Запомни, не прави нешто додека си лут:** дај си време да се „оладиш“ и, ако можеш, да разговараш со личноста офлајн.

Ако личноста одбива да ја тргне објавата, не се обидувај да ѝ возвратиш со споделување на приватни работи што ти ги има испратено или да ја малтретираш. Од една страна, тоа речиси секогаш ги прави работите полоши. Од друга страна, колку повеќе возвраќаш, толку повеќе ја правиш истата грешка.

Ако си означен/а на фотографија што не ти се допаѓа, запомни дека многу сајтови за споделување фотографии и социјално вмрежување дозволуваат да го тргнеш твоето име од фотографијата на која си означен/а. На Фејсбук можеш да избереш дали да ги гледаш објавите на кои си означен/а пред да бидат објавени на твојот ѕид во поставките за приватност: facebook.com/privacy.

Ако си на Фејсбук и не се чувствуваш удобно кога некој се соочува со тебе или не си сигурен што да кажеш, постои алатка за социјално пријавување.

Во сериозни ситуации, на пример, кога станува збор за делумно или целосно разголена слика или видео, клевета (нешто што не е точно и го повредува твојот углед) или вознемирување, можеш да побараш од сервисот што бил користен за споделување да ја тргне објавата. Во вакви случаи, тоа можеш да го пријавиш и во полиција.

**Ако си во ситуација кога некој ти се заканува дека ќе сподели разголени фотографии од тебе доколку одбиваш да му/ѝ дадеш повеќе твои разголени фотографии, треба да повикаш возрасно лице на кое му веруваш и веднаш да пријавиш во полиција. Тоа е неприфатливо однесување и во многу држави е нелегално.**

**Како да ја користиш алатката за социјално известување**

За да научиш повеќе за пријавување на навредлива содржина на Фејсбук, оди на facebook.com/report.

Запомни дека не си сам - секогаш можеш да разговараш со твоите родители, наставник или советник, возрасно лице на кое му веруваш, или на некоја линија за помош за да добиеш совети и поддршка.

**Извор: www.mediasmarts.ca**

# ИЗГРАДИ ГО ТВОЈОТ ОНЛАЈН-БРЕНД



Ти се допаѓа или не, ако користиш Интернет, имаш и онлајн-идентитет. Некои луѓе ова го нарекуваат твојот „бренд“. Што е бренд? Размисли за бренд на газиран пијалак, компјутер, фармерки, бенд или спортски тим. Најверојатно имаш одредена идеја за секој од нив - како изгледа, кој ги купува итн. Можеби и ти понекогаш носиш брендирана маица бидејќи ти се допаѓа што кажува таа за тебе. Тоа е твојот онлајн-бренд: тоа што луѓето го мислат за тебе врз основа на тоа што го гледаат на Интернет за тебе. Големите компании трошат милиони долари за да се осигурат дека ќе го гледате нивниот бренд на начин на кој тие сакаат. Ти не треба да вложиш многу време или пари, но постојат неколку едноставни работи што можеш да ги направиш за да бидеш сигурен дека луѓето те гледаат онлајн онака како што сакаш.

### ПРЕБАРАЈ СЕ СЕБЕСИ

Искористи некој пребарувач да видиш кои информации за тебе се лесно достапни.

Обиди се да го пребаруваш твоето име, но не застанувај тука, особено ако тоа е доста често. Размисли за термините за пребарување што некој друг може да ги користи ако бара информации за тебе. Дали би користел прекар? Твоето средно име или иницијали? Можеби ќе го додаде твојот роден град, училиште или некое твое хоби. Внеси го твоето име во полето за пребарување и види кои други зборови за пребарување се појавуваат. Исто така, можеш да се обидеш да го ставиш твоето име.com во полето за веб-адреса и да видиш дали некој друг има регистрирано таква веб-страница. Ако не, тоа веројатно не чини многу пари годишно, за да ја регистрираш за себе, дури и ако не ја користиш веднаш. Направи го истото со која било социјална мрежа што ја користиш. Некој може да креира измислено корисничко име со твоето име или може да има слично име што би можело да ги збуни другите луѓе. Исто така направи пребарување и на слики со твоето име!

### АКО НЕ ТИ СЕ ДОПАЃА, ПОБАРАЈ ДА ГО ТРГНАТ

Ако не ти се допаѓа тоа што ќе го најдеш, првиот чекор е да се обидеш да биде тргнато. Може да изгледа изненадувачки, но само замолувајќи го лицето што го поставило тоа е доста ефективно: според една студија, четири од пет корисници на Интернет што замолиле некого да тргне некој материјал биле успешни. Ако тоа не функционира, можеш да дознаеш кој интернет-провајдер е домаќин на веб-страницата и замоли го да го тргне. Интернет-провајдерите обично ќе го направат тоа ако материјалот е навредлив, ако содржи омраза или ако спаѓа во сајбер-насилство.

### ЛОШОТО НАДВОР, ДОБРОТО ВНАТРЕ

Ако на Интернет постојат работи за тебе што не ти се допаѓаат или ако пребарувањето за тебе води до информации за друг за кој луѓето би можеле да мислат дека си ти, тогаш треба да бидеш сигурен дека на Интернет постои доволно позитивен материјал за тебе што би ги преклопил овие информации. Блогирањето, објавувањето видеа, коментирањето - сè што остава белег на Интернет е добро онолку колку што испраќа пораки какви што сакаш. Не грижи се - не треба да изгледаш добро со сè што правиш онлајн, сè додека тоа не те прави да изгледаш лошо. Тоа е градење на твоето онлајн-присуство. Ако има друго лице на Интернет што луѓето го мешаат со тебе, размисли за користење варијации на твоето име наместо постојано да им објаснуваш на луѓето дека тоа не си ти.

### ИЗГРАДИ БАЗА

Важен чекор во градењето на твојот бренд е да имаш домашна онлајн-база. Ова може да биде веб-страница или блог, односно место каде што ќе ги контролираш твоите пораки и линкови. Тоа е важно бидејќи многу пребарувачи кога пребаруваат ги бројат линковите, па колку повеќе линкови ќе поврзеш со твојата домашна база, толку повисок ранг ќе има секое пребарување за тебе. Ако имаш регистрирано веб-страница со твоето име, тоа е совршено место за твојата домашна база. Може да имаш и домашна база со фотографии: тоа е сликата за тебе што ти се допаѓа (ако не сакаш да користиш вистинска слика, постојат многу места на Интернет каде што можеш да креираш верзија на сопствена карикатура) и што може да ја користиш секогаш кога ќе ти побараат слика онлајн - социјални мрежи, блогови за коментирање итн. Имајќи една слика што ја користиш секаде, помага да изградиш онлајн-идентитет.

### НЕ ДОЗВОЛУВАЈ ПРИЈАТЕЛИТЕ ДА ГО КОНТРОЛИРААТ ТВОЈОТ БРЕНД

Не користи го профилот од домашната база и на социјалните мрежи зашто немаш целосна контрола врз тоа што се случува таму. Пријателите можат да објавуваат на твојот профил, да коментираат за тоа што го поставуваш и да го линкуваат до нешта што не можеш да ги контролираш. Исто така не можеш целосно да ја контролираш приватноста на социјалните мрежи бидејќи само можеш да претпоставуваш дека твоите пријатели и нивните пријатели ќе носат разумни одлуки. Тоа не значи дека не треба да имаш профил на социјалните мрежи: всушност треба да имаш профил на оние социјални мрежи што ги користат најмногу твои пријатели, само за да се осигуриш дека ќе имаш контрола врз твојот идентитет таму.

### РАЗМИСЛИ ЗА ТОА КОЈ СИ ТИ НА ДРУГИТЕ ОНЛАЈН-МЕСТА

Како што треба да се осигуриш дека твоите онлајн-места велат добри работи за тебе, имај предвид каков впечаток ќе оставаш и на местата што не ги контролираш, на пример, профили на социјални мрежи на другите, онлајн-игри и онлајн-заедници. Голем удел во градењето на твојот онлајн-бренд е да бидеш добар „гостин“ и позитивен член на онлајн-заедницата. Златното правило „третирај ги другите луѓе на начин на кој би сакал да бидеш третиран“ е добар почеток, но можеш да бараш и други начини да бидеш од корист и да придонесеш за онлајн-заедницата.

### НЕ МЕШАЈ ЈА РЕПУТАЦИЈАТА СО СЛАВАТА

Ништо од горенапишаното не значи дека треба сето време да го поминеш размислувајќи за секој збор или слика што ќе ја поставиш и прашувајќи се како луѓето ќе ја видат. Не е важно колку луѓе те следат онлајн: важно е дека работите што ги правиш на Интернет градат конзистентна слика за тебе што се одразува на тоа како сакаш да бидеш виден.

**Извор: www.mediasmarts.ca**

# МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ



Мобилните телефони се важен дел од тоа како пристапуваме на Интернет зашто станаа алатка за одржување на контактите со нашето семејство и пријателите. Иако паметните телефони се моќни речиси колку компјутерите, често не сме исто толку претпазливи со нив и не ги преземаме истите заштитни мерки за приватност и безбедност.

## РИЗИЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ

**КРАЖБА НА ПОДАТОЦИ** - Уредот е обично преполн со твоите лични информации. Не треба да си хакер за да добиеш информации од нечиј мобилен телефон - луѓето едноставно си ги оставаат телефоните на лесно дофатливи места. Кога некој ќе добие пристап до твоите податоци, може лесно да се преправа дека тоа си ти.

**ВИРУСИ** – Вирусите може да ги има во апликациите што се бесплатни или достапни за малку пари или да бидат маскирани како игри, па дури и безбедносни софтвери.

**НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ** – Додека зборуваш или испраќаш пораки само на едно лице, не заборавај дека содржината може да се зачува, копира и препрати до повеќе различни луѓе. Особено камерите овозможуваат секој срамен момент да биде лесно реобјавен.

**ПРЕКУМЕРНО ТРОШЕЊЕ** –Поради поволностите за онлајн-купување преку телефон, може да купиш нешто без размислување. Многу апликации на видеоигри бараат да трошиш вистински пари за да напредуваш во играта.

**НЕСООДВЕТНА СОДРЖИНА** - Многу апликации достапни за тинејџери содржат скриени реклами и пропагандни пораки.

**ИНВАЗИЈА НА ПРИВАТНОСТА** - Твојот телефон собира податоци во секое време за тоа кој си и каде си.



## КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИШ

**ЕДУЦИРАЈ СЕ.** Дознај кои се опциите за приватност и безбедност на твојот телефон и активирај ги. Пред да преземеш некоја апликација, прочитај ги условите за користење за да знаеш кои твои податоци ќе бидат земени.

**БИДИ ЉУБЕЗЕН.** Многу знаци што се користат за да се разбере полесно што нешто значи - израз на лицето, гестикулации, тон на гласот - не се присутни кога пишуваш пораки, па внимателно како ќе пишуваш и не носи пребрзо заклучоци за нешто што некој друг го напишал.

**РАЗМИСЛИ ПРЕТХОДНО.** Размисли кој може да ги види пораките или сликите што ги испраќаш. Размисли како лицето што ќе ги прими би можело да се чувствува поради содржината.

**БИДИ СИГУРЕН.** Нагодете го телефонот да пристапува само на безбедни интернет-конекции со одење на https-верзии на веб-страници.

**БИДИ ПРЕТПАЗЛИВ.** Пред да преземеш некоја апликација, истражи дали е сигурна и дали содржи непожелни содржини. Не кликај на линкови испратени во порака.

**ИСКЛУЧИ ГО ТОА ШТО НЕ ГО КОРИСТИШ.** Блутут, ви-фи и други начини на поврзување на уредите можат да бидат цел на хакери.

**НЕ ИЗЛОЖУВАЈ ГИ ТВОИТЕ ПОДАТОЦИ.** Никогаш не испраќај доверливи информации или не купувај на Интернет при користење јавен бесплатен Интернет.

**ПОСТАВИ СИ ГРАНИЦИ НА ТРОШЕЊЕ.** Користи припејд или платежни картички со мал износ на средства.

**НЕ ГО КОРИСТИ ТЕЛЕФОНОТ ИСТОВРЕМЕНО СО ДРУГИ РАБОТИ.** Кога си на училиште, телефонот не треба да ти биде лесно на дофат, за да не бидеш доведен во искушение постојано да го проверуваш.

Извор: www.mediasmarts.ca

# БЕЗБЕДНИ ПРАКТИКИ ЗА Е-ТРГОВИЈА

Благодарение на Интернет имаш пристап до неверојатни пропорции на онлајн-пазарот. Покрај предностите на онлајн-трговијата, постојат неколку недостатоци и ризици кои треба да ги знаеш за да имаш позитивно онлајн-пазарно искуство.




## Кои се предностите на онлајн-купувањето?

- Удобно е. Производот може да го купиш и да ти го достават до дома и да добиеш електронски запис за набавката, плаќањето и испораката.
- Постојат многу различни начини да се плати: кредитни картички, плаќање преку интернет-услуги, подарок-картички, кои ти овозможуваат да контролираш колку пари може да потрошиш.
- Има вградени безбедносни алатки: многу сајтови се опремени со икони и предупредувања кои ти помагаат да се заштитиш себеси од измами.
- Лесно е да направиш истражување пред да го купиш производот и услугата.

## Кои се ризиците на онлајн-купувањето?



- Онлајн-купувањето може да биде премногу удобно: лесно да се занесеш во различни нешта достапни на Интернет.
- Внимавај на поволните цени: може да има многу скриени трошоци.
- Измами кои нудат договори кои се премногу добри за да бидат вистинити, продажба на стоки кои се фалсификувани, оштетени, украдени или, едноставно, не постојат.
- Корисничките информации се архивираат од продавачите и може да се злоупотребат.

## Како да се заштитите

- Користи кредитна картичка - обично имаат силна заштита против кражба на идентитет.
- Користи картички за еднократна употреба, картичка за подарок или кредит од интернет-страницата. Начинот на плаќање е комплетно анонимен.
- Важно е компјутерот да ти биде опремен со најновите безбедносни карактеристики.
- Биди претпазлив. Многу апликации на твојот паметен телефон и таблет имаат можности за наградби, кои се несигурни.



- Информирај се. Пред да купуваш, истражи со кого правиш бизнис. Исто така, работите може да бидат опишани на начин и јазик што не соодветствува со она што всушност се продава.
- Плаќај фер. Примамливите поволни цени може да се за стоки кои се украдени или добиени нелегално на друг начин.
- Извести за измамата за да не бидат измамени и други луѓе.
- По купувањето испечати една копија од трансакцијата или зачувај ја на твојот компјутер.
- Одјави се, за корисниците по тебе да немаат пристап до твоите сметки.

Извор: www.mediasmarts.ca